PERMABASE армирано-цементна плоча

Опис на производот:

Армирано цементни плочи PERMBASE се направени од лесно цементно јадро, кое двострано е армирано со стаклена мрежа. На тој начин се обезбедува плочата да биде исклучително јака и отпорна на влага.



Армирано цементните плочи PERMBASE се високо квалитетен производ кој благодарејќи на иновативната технологија EdgeTech се издвојува од останатите слични производи на пазарот. Оборените и дополнително армирани ивици EdgeTech овозможуваат да прицврстувањето на плочите се изведува на најмало меѓусебно растојание помеѓу плочите, без притоа да се доведе во опасност нивно обрушување.

Класификација:

Во сообразност со EN 12467:2012

CE 17

Предности:

- ✓ Хомогено јадро за лесно сечење со скалпел
- ✓ Брза и лесна монтажа – не е потребно специјален алат
- ✓ Исклучително отпорни на временски услови – дожд, снег, ниски и високи температури
- ✓ Високо ниво на отпорност на влага – во случаи на подолготраен контакт со вода не се обрушува ниту се јавуваат набабрувања
- ✓ Стабилна подлога за различни видови на керамички облоги

Технички податоци:

Димензии на плочите	
Дебелина	12.5 mm
Ширина	1200
Должина	2000 mm
Фабричка ивица	Правоаголна (SK)
Тежина на плочите – 12.5 mm	~ 13 kg/m²
Технички параметри	
Граница при свиткување	5.17 MPa
Сила на притисок	15.51 MPa
Реакција на пожар	A1
Вкупна апсорпција на вода	< 8 %
Топлинска спроводливост, λ	0.37 W/(m.K)
Циклуси на замрзнување - одмрзнување	100

Примена:

Надворешна примена:

- ✓ Подлога за фасадни облоги
- ✓ Подлога за камени и клинкер облоги
- ✓ Подлога за надворешни подни облоги
- ✓ Изградба на подлоги за надворешни работни површини

Внатрешна примена:

- ✓ Ѕидови кај туш кабини и облоги на кади
- ✓ Надворешни облоги кај џакузи
- ✓ Ѕидни облоги кај парни купатила и сауни
- ✓ Идеална подлога за подни облоги кај сите простории во домаќинствата

Ивици:

Правоаголни ивици (SK) кои овозможуваат нивно брзо и лесно исполнување истовремено со изработката на армиранот слој од цементно лепило и стаклена мрежа, со што се обезбедува рамна површина.



Специјални препораки:

- ✓ За употреба не е потребен дополнителен алат, освен стандардниот за сува конструкција
- ✓ Конструкциите изработени со PERMABASE не се завршни површини, кои се отпорни на атмосферските влијанија за подолги временски периоди
- ✓ Се препорачува комплетно да се обработат со слој од цементно лепило веднаш по монтажата на плочите
  За специфичните барања за растојанието помеѓу профилите, видот и растојанието помеѓу завртките, кои треба да обезбедат конструкцијата да биде цврста и отпорна на ветер е одговорен градежниот инженер на објектот

Пакување и складирање:

- ✓ Палетите да се чуваат во затворени простории, заштитени од дожд, сонце и други атмосферски влијанија.
- ✓ При складирање, дозволено е максимум 4 палети една врз друга.
- ✓ Квалитетот на производот е гарантиран само во случаи кога истиот правилно се чува и користи.

Дебелина на плочите	Плочи во палета
12.5 mm	40 ком. (96 m²)

Упатство за безбедност при употреба:

- ✓ Производот не е класифициран како опасен
- ✓ Се препорачува користење на заштитни ракавици, маски и наочари во текот на употребата на производот како би се спречил ризик од повреди и прашина.

Тимот на Technogips Pro го задржува дискреционото право на промена на било која спецификација наведена во техничките податоци без претходна најава. *2023©*